Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / E pranuar | 22.04.026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njës.a Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 34 | – 11/4 | / | / |

# Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

## ПРИЈАВА

**за учество на претставници на граѓански организации во заедничкиот комитетот за програмирање на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија за програмскиот период 2028 - 2034**

По Јавен повик бр.34 – 11 / 1 објавен на 15.04.2026 година

| ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА |
|---|

**1. Општи податоци**

Име на здружението/фондацијата: **Про Локал Битола** – Здружение за унапредување на развојните процеси

Седиште и адреса:ул. Нико Фундали 19, 7000 Битола

Регистарски број (ЕМБС) и датум на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија: ЕМБС 6548091, дата на упис 21,12,2009 година
Единствен даночен број: 4002009516325

Телефон за контакт и е – пошта:075322323 cso.prolocal@gmail.com
Име и презиме на овластеното лице за застапување: Емилиа Ѓероска

Област/и на дејствување согласно Статутот: Про Локал е граѓанска организација која делува за остварување на поширок заеднички интерес, со фокус на локален и регионален развој, добро владеење и младински политики. Како водечка организација во Пелагонискиот регион, Про Локал е активно вмрежена на национално и меѓународно ниво и придонесува кон развојните процеси преку застапување, дијалог и соработка со институциите и граѓаните.
Мисијата на организацијата е да спроведува развојни програми преку јакнење на капацитетите, промоција, вмрежување, застапување и лобирање, со цел унапредување на положбата на целните групи, особено младите.
<u>Клучните области на делување на Про Локал вклучуваат:</u>

- локален и регионален развој
- одржлив туризам
- прекугранична соработка
- демократија и граѓанско учество;
- институционални и граѓанските капацитети;
- младински политики и поттикнување на младинско вклучување;
- транспарентност, отчетност и добро владеење;
- унапредување на неформалното образование и можностите за младите;
- заштита на животната средина, одржлив развој и циркуларна економија

**2. Ресурси**

Дали здружението/фондацијата има обезбедено технички опремен канцелариски простор?:

☒ да ☐ сопствен, ☐ даден на користење, ☐ изнајмен, ☐ друго

☐ не

Вкупен број на членови на здружението/фондацијата:18

Број на вработени/волонтери во здружението/фондацијата: 6/54

**3. Мрежно работење и соработка**

Мрежи или платформи (домашни и меѓународни) во кои членува здружението/фондацијата:

- Национален Младински Сојуз – чадор мрежна организација нанационално ниво
- Мрежа на граѓански организации:YIELD (Млади за инклузија, вклучување и лидерски дијалог) — неформална мрежа на ниво на ЕУ составена од 11 граѓански организации од 10 земји
- Регионална Платформа за Млади на Пелагонискиот регион (членки се 9 општини/Градоначалници и 10 ГО од Пелагонискиот регион, Про Локал е основач и Секретаријат)

Краток осврт на: учество во активности за мониторинг, застапување или лобирање за унапредување на граѓанското општество, учество во работни групи за изработка на закони/стратегии, реализирани проекти во соработка со други организации или со органи на државната управа и организирани координативни активности за организациите, во последните три години:

- Про Локал ги застапува интересите на граѓанските организации и индиректно граѓаните од Пелагонискиот регион во област регионален развој преку **член и заменик член во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (2025-2027)**
- Про Локал учествува со заменик член во **Работната група за подготовка на новиот Закон за здруженија и фондации (2026)**
- Дополнително, во периодот **2022–2025**, Про Локал активно спроведе **5+ проекти** насочени кон мониторинг, застапување и унапредување на граѓанското општество, финансирани од ЕУ, SDC (Civica Mobilitas), MATRA и други донатори. Организацијата реализираше **национална анализа на имплементацијата на Законот за младинско учество (2024–2026)** и спроведе активности за застапување за подобрување на механизмите за младинско учество, особено во рурални општини.
- Во истиот период, Про Локал воспостави и координира **Регионална платформа за млади – Пелагонија (2021–во тек)**, која обединува **9 општини и 9 граѓански организации**, како механизам за координација, дијалог и заедничко креирање локални политики. Преку оваа платформа се реализирани **15+ структурирани дијалози и иницирани повеќе локални мерки**, директно поднесени до општините.
- Дополнително, Про Локал има значајна улога во **регионалниот развој**, преку поддршка на меѓуопштинска соработка и развој на регионални иницијативи во Пелагонискиот регион, вклучително активности за планирање, градење капацитети и поврзување на локални чинители. Преку проектите **„Empowering the People of Pelagonija" (2021–2024)** и **„Youth Policies Matching Youth Needs" (2023–2026)**, организацијата придонесува кон зајакнување на локалното управување, граѓанското учество и интеграција на младинските политики во пошироките регионални развојни процеси.

## ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

**1. Општи податоци**

Име и презиме на кандидатот: Рубин Николоски

Вид и степен на образование: Дипломиран менаџер по туризам, VII-1

Телефон за контакт и е – пошта: 075 322 323, rubin@prolocal.mk

**2. Професионално искуство на кандидатот**

Број на години на работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор: 15 години.

Експертиза по прашања од граѓанскиот сектор (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.)
Повеќе од 15 години искуство како проект менаџер/тим лидер на проекти кои директно го поддржуваат регионалниот развој, портфолио на имплментирани проекти (ЕУ, СДЦ, УНДП, ИПА, и др. билатерлни донатори);
Повеќе од 10 години искуство во стратешко планирање и развој на политики за регионален и рурален развој: Изработка на програми за регионален развој (Пелагонија) 2008-2010 година; 2010-2015, 2015-2019, 2020-2025 година; Локални стратегии за рурален развој, регионални стратегии за развој на туризмот и регионална стратегија за развој на културата во Пелагонискиот регион, Стратегија за ЛЕР на Општина Прилеп, Диверзификација на руралните економии во Западен Балкан – национален извештај за МК, Водич за регистрација на туристички услуги во рурални средини.
Повеќе од 8 години работно искуство како раководител на одделение за имплементација на проекти во Центар за Регионален развој на Пелагонискиот регион, вклучувајќи: координација на тим од 4 луѓе, развој и имплементација на проекти, развој и модерирање на мрежи на различни засегнати страни, ЈПП
Надворешен консултант за изработка на секторска анализа за потребите на младите од руралните средини во Пелагонискиот регион од аспект на Законот за млади и младински политики изработена во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите".
Надворешен консултант за изработка на секторска анализа за потребите на младите од руралните средини од Пелагонискиот регион од аспект на локалниот економски развој изработена во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите".

Публикации:
- Програма за развој на Пелагониски регион 2015-2019 (член на работна група)
- Секторска анализа за потребите на младите од руралните средини во Пелагонискиот регион од аспект на Законот за млади и младински политики
- Секторска анализа за потребите на младите од руралните средини од Пелагонискиот регион од аспект на локалниот економски развој
- Диверзификација на руралните економии во Западен Балкан (национален извештај за РМ)
- Водич за регистрација на туристички услуги во рурални средини
- Стратегија за локален економски развој на Општина Прилеп.

**Активно познавање на англискиот јазик:** С2 ниво (високо ниво на говорен и пишан англиски јазик)

**3. Дали кандидатот е:**

| | | |
|---|---|---|
| Член на орган на политичка партија | ☐ да | ☒ не |
| Избрано или именувано лице | ☐ да | ☒ не |
| Вработен во орган на државната управа | ☐ да | ☒ не |

Место и датум
22.04.2026 Битола

Потпис на овластеното лице за застапување

МП

Број: 0805-50/150020260048512
Датум и време: 9.2.2026 г. 13:23

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 09.02.2026 во 13:23
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

**/Електронски издаден документ/**

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6548091 |
| **Целосен назив:** | Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО ЛОКАЛ Битола |
| **Кратко име:** | Здружение ПРО ЛОКАЛ Битола |
| **Седиште:** | НИКО ФУНДАЛИ бр.19 БИТОЛА, БИТОЛА |
| **Вид на субјект на упис:** | ДРУГО |
| **Датум на основање:** | 21.12.2009 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Недефинирана |
| **ЕДБ:** | 4002009516325 |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 10.9 - останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани |
| **Надлежен регистар:** | Регистар на здруженија и сојузи |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. |

| ОВЛАСТУВАЊА | |
|---|---|
| **Овластени лица** | |
| **Име и презиме:** | ЕМИЛИА ЃЕРОСКА |
| **Адреса:** | БИТОЛСКА бр.70 КРАВАРИ, БИТОЛА |
| **Овластувања:** | Претседател<br>Занимање: Консултант |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |



**Верификација**
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк: https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/BA82C4O6F680B621D2E6925C061507571647D3D6A6562F2E8A97E8D9A07EB609

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Дополнителни информации:** | Здружението ги има следните цели: - Унапредување на демократските процеси на локално, национално и меѓународно ниво преку промоција на демократските принципи и вредности и принципите на Добро Владеење. - Фацилитирање дијалог и развој на долгорочни партнерства и платформи во сферата на демократијата, граѓанското и младинското учество и активизам; - Овозможување на механизми за граѓанско учество во креирањето на политиките на централно и локално ниво; - Јакнење на интерните капацитети, унапредување на програмите и политиките на ЕЛС кои се насочени кон децентрализација, локален економски развој, регионален развој, промоција и развој на туризмот и прекуграничната соработка, заштита на животната средина, поддршка и развој на земјоделството, образованието, младите во заедницата како и развој и унапредување на културата; - Градење на капацитети на општинската администрација и Советите на општините како и на органите на централната власт; - Унапредување на капацитетите на граѓанските организации и неформалните групи за партиципативна демократија, активизам и вклучување; - Развивање на капацитетите на локалните и регионалните медиуми за професионално и квалитетно информирање на јавноста; - Овозможување на механизми за унапредување на транспарентноста и отчетноста на централната власт и на локалната самоуправа; - Градење на меѓу општинска соработка и соработка помеѓу граѓанските организации од регионотза споделување на добри практики и размена на искуства; - Градење одржливи партнерства со бизнис секторот засновани на иновации и реален импакт врз развојните процеси во општеството; - Креирање и практицирање форми на неформално образование за надградба на знаењата и вештините на категориите граѓани со помалку можности, пред се младите; - Промовирање на одржлив развој, заштита на биодиверзитет, унапредување и заштита на животна средина;. - Заштита и унапредување на човековите права и слободи, почитување и промоција на принципот на владеење на правото; - Унапредување на младинските состојби, младинскто вклучување и волонтерство и. придонес кон исполнување на младинските приоритети - Градење и промовирање на политики насочени кон европеизација на македонското општество и членство на Република Северна Македонија во Европската Унија; - Придонес кон остварувањето на целите за одржлив развој, посебно во делот на намалување на сиромаштијата, нула глад, добро здравје и благосостојба, квалитетно образование, родова еднаквост, достоинствено вработување и економски раст, намалена нееднаквост, акции за справување со климатските промени и достапна и чиста енергија. |
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | cso.prolocal@gmail.com |



**Верификација**
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/BA82C4D6F680B621D2E6925C061507571647D3D6A6562F2EBA97E8D9A07EB609

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

**Напомена:**

Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.



**Верификација**

Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/BA82C4D6F680B621D2E6925C061507571647D3D6A6562F2E8A97E8D9A07EB609

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

PRO LOCAL

# ПРОФИЛ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА
# ПРО ЛОКАЛ

2022 – 2026

(куса верзија)

**Претседател на УО**
**Рубин Николоски**
rubin@prolocal.mk | 075 322 323

**Претседател (2020-)**
**Емилиа Ѓероска**
cso.prolocal@gmail.com | 071 907 301

## 1. Цели на организацијата

Про Локал е граѓанска организација која работи на унапредување на демократските процеси, граѓанското учество, младинските политики и локалниот и регионалниот развој. Организацијата делува како поврзувачки чинител помеѓу граѓаните, институциите и бизнис секторот, со фокус на создавање инклузивни и одржливи решенија за локалните заедници.

Во периодот 2022–2026, Про Локал се профилира како водечка регионална организација во Пелагонија која работи на поврзување на локалните потреби со националните политики и европските приоритети, преку развој и имплементација на иновативни модели за партиципативно управување, младинско учество и регионален развој.

Клучните цели на организацијата во овој период се:

- поддршка на руралниот и регионалниот развој со фокус на задржување на младите;
- развој на партнерства помеѓу општини, граѓански организации, институции и бизнис сектор;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и институциите за учество во процесите на донесување одлуки;
- унапредување на младинското учество преку развој на структурирани механизми и платформи;
- развој и имплементација на јавни политики базирани на докази;
- промоција на транспарентност, отчетност и добро владеење на локално ниво.

## 2. Клучни активности (2023–2026)

Во периодот 2023–2026, Про Локал реализираше и спроведува повеќе меѓусебно поврзани проекти и активности кои комбинираат регионален развој и институционална Соработка, граѓанско учество, младински политики.

**Младински политики по мерка на младите**

*2023–2026 · Civica Mobilitas (SDC) ·* **13.998.851 МКД**

Проектот е насочен кон воспоставување и тестирање на механизми за партиципативно креирање политики преку директно вклучување на младите и институциите. Се спроведуваат локални демократски кругови во девет општини, се подготвуваат локални иницијативи и се реализира национална анализа на имплементацијата на Законот за младинско учество, со посебен акцент на разликите помеѓу урбаните и руралните средини.

**PELO – Transitioning Youth Empowerment to Local Ownership**

*2025–2027 · МАТРА програма, Амбасада на Холандија*

Проектот обединува девет општини, бизнис сектор, образовни институции и граѓански организации со цел воспоставување регионален младински хаб, развој на нови младински центри и креирање програми за вештини и вработливост. Проектот придонесува кон интеграција на младинските политики во регионалниот развој.

**Јас за мојата општина**

*2025–2026 · Министерство за социјална политика, демографија и млади,***238,000 мкд**

Проектот овозможува директно учество на младите во креирање на локални политики и иницијативи преку структурирани консултации и дијалог со општините.

**RYCO проект – Регионална младинска соработка**

*2025–2026 · Regional Youth Cooperation Office (RYCO) ·* **≈ 60.000 евра**

Проектот вклучува 145 млади од девет општини, развој на локални политики, како и регионална соработка со партнери од Албанија.

**Back to the Roots (BttR) – CERV проект**

*2024–2026 · Европска Унија (CERV)*

Проектот има за цел да го зајакне граѓанското учество, демократските вредности и европската перспектива преку регионална соработка.

**Bitola 2.0**

*2024 · ЕУ, ЕПИ Скопје,* **14,500 евра**

Воведување на механизми за дигитално учество и подобра комуникација помеѓу граѓаните и општината, со активности за младински иницијативи и обуки за застапување.

**Empowering the People of Pelagonija 1 & 2**
*2022 - 2024 МАТРА Програма, Амбасада на Холандија*
Проектот постави основа за понатамошниот развој на регионалните механизми за учество, преку јакнење на капацитетите на граѓаните и иницирање на локални процеси на учество.

## 3. Клучни резултати (2023–2026)

Како резултат на реализираните активности, Про Локал постигна значајни и мерливи резултати на локално и регионално ниво.

Организацијата воспостави и координира Регионална платформа за млади – Пелагонија, која претставува прв структурен механизам за координација помеѓу девет општини и граѓански организации во областа на младинските политики. Преку оваа платформа се овозможува заедничко донесување одлуки, размена на искуства и координирано делување на регионално ниво.

Во рамки на проектите се реализирани повеќе од 15 структурирани дијалози помеѓу младите и институциите, што доведе до развој на конкретни локални иницијативи и политики. Повеќе од 100 млади, особено од рурални средини, беа директно вклучени во процесите на донесување одлуки, додека преку RYCO проектот беа вклучени 145 млади во регионални активности.

Дополнително, Про Локал придонесе кон:

- развој и поднесување на локални политики и мерки до општините;
- зајакнување на капацитетите на младите за застапување и учество;
- создавање на нови граѓански организации во рурални средини;
- воспоставување партнерства со бизнис сектор и регионални институции;
- развој на национални препораки за унапредување на младинските политики.

Овие резултати ја позиционираат организацијата како значаен актер во креирањето на политики и развојот на партиципативното управување.

## 4. Извори на финансирање (2023–2026)

Во периодот 2023–2026, Про Локал обезбедува финансиска поддршка од повеќе домашни и меѓународни донатори, што укажува на стабилност и доверба во организацијата.

- Европска Унија (CERV, WeBER, IPA)
- Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC) / Civica Mobilitas
- Министерство за надворешни работи на Кралството Холандија (MATRA)
- Амбасада на Кралството Холандија

- Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Regional Youth Cooperation Office (RYCO)
- Westminster Foundation for Democracy, UK
- Национален младински совет, EU
- Единици на локална самоуправа

**ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ** Рубин Николоски

[redacted]

Ул. Петар Чаулев бр. 15/3 7000 Битола, Р. Северна Македонија

075 322 323

rubinnikoloski@hotmail.com

Независен консултант

Пол Машки |Датум на раѓање 05/|11/1985 Националност Р. Македонија

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

**2018-** **Интернационален консултант; проектен менаџер во областите на ИПА прекугранична соработка, локален и регионален развој.**

**14.03.2011 -31.12.2018** **Центар за развој на Пелагониски плански регион**

Раководител на одделение за имплементација на проекти и меѓународна соработка

Сектор: Локална самоуправа/Регионален развој

Главни активности и задолженија:

- Изготвување и реализација на проекти од областа на регионалниот развој, туризмот, трговијата, занаетчиството, животната средина, комуналната инфраструктура, меѓуопштинската соработка, економскиот развој, неформалното образование, комуналната сфера, прекугранична и меѓународна соработка, рурален развој, одржлив развој,
- Учество во изготвувањето на планските документи: Програма и акциони планови за регионален развој на Планскиот регион,
- Иницирање и утврдување на развојни и структурни приоритети како и основи и мерки за водење на регионалната политика на Пелагонискиот плански регион,
- Следење на извршувањето на Програмата и плановите и давање предлог- мерки за нивно остварување,
- Анализа на тековните состојби, идентификација на проблемите и подготовка на проектна документација во доменот на регионалниот развој,
- Изготвување на стручно-аналитички и други материјали за Советот за развој на Пелагонискиот регион,
- Подготовка на Годишен извештај за работењето на ЦРППР и Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Пелагонискиот регион.

**15.01.2010 - 15.07.2010** **Регионална развојна Агенција на Пелагонија ПРЕДА Фондација**

Асистент на проект "Искористување на регионалните потенцијали за развој на туризмот"

Сектор: Граѓански сектор/Регионален развој

Главни активности и задолженија:

- Мапирање на туристичките потенцијали на Пелагонискиот регион
- Оргнизација на работилници со засегнати страни во Пелагонискиот регион
- Развој на платформата за развој на туризмот во Пелагониски регион
- Имплементација на програмата за регионален развој 2008 – 2013
- Анализа на секторот туризам во Пелагонискиот регион
- Администрација на веб страна www.visitpelagonia.mk

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

09.2004 -03.2009 Димпломиран менаџер по туризам и угостителство

Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Факултет за туризам и угостителство – Охрид

Учесник на Студиска Програма за Меѓународни Лидери на САД (Стејт Департмент) на тема локален економски развој

Обука за Стратешко планирање, Битола, 2011, Р. Македонија

Обука за Стратешко планирање, Маврово, 2011, Р. Македонија

Обука за Управување со проектен циклус, Битола, 2012, Р. Македонија,

Организација и спроведување на циклус обуки за управување со проектен циклус за засегнати страни од Пелагонискиот регион, 2014, Битола

Обука Инструмент за претпристапна помош на ЕУ –2012, Амстердам , Холандија,

Обука Формуски модератори - Единицата за координација на форумите при ЗЕЛС

Обука Adventure EDU Macedonia – Изградба на пазарот на активен туризам во Македонија – Битола, Р. Македонија

Работилница за туризам во функција за едукација и култура и вмрежување, Битола, Р. Македонија

Обука за регионален маркетинг и брендирање, Битола, Р. Македонија

Обука за сертификација на модератори на форумите на заедниците – Скопје, Р. Македонија

Обука за имплементација на законската регулатива од областа на категоризацијата на туристички објекти од мал обем – Битола, Р. Македонија

Студиско патување: Децентрализирана соработка помеѓу Република Македонија и регионот Долна Нормандија , Франција

Циклус обуки за воведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион, Битола, Прилеп, Ресен, Р. Македонија,

Модерирање на Регионален Форум во заедницата во Пелагонискиот регион, 2019,

Модерирање на Регионален Форум во заедницата во Пелагонискиот регион, 2020

## ЛИЧНИ ВЕШТИНИ

Мајчин јазик Македонски

| Други јазици | РАЗБИРАЊЕ | | ЗБОРУВАЊЕ | | ПИШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Слушање | Читање | Вербална интеракција | Вербална продукција | |
| Англиски | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник |
| Германски | Трет степен | Трет степен | Трет степен | Трет степен | Трет степен |

Комуникациски вештини
- одлични комуникациски вештини стекнати низ работата
- тимска работа и комуникација со засегнати страни при планирање на приоритети за развој и мерки на нивна имплементација

Организациски/менаџерски вештини
- лидерство - задолжен за управување со тим од 5 луѓе во рамките на ЦРППР (2010-2018)
- коориднација Координатор на Мрежа за развој на културата во Пелагонија (2015-2018)
  Коордитатор на Платформа за развој на туризмот во Пелагонија (2015-2018)
  Координатор на работна група за идентификација на проектни идеи (2012-2018)
  Координатор на Комисија за стажирање во рамките на Македонска Асоцијација на Интернационални водичи во планина

Вештини и знаења поврзани со работата
- Познавање на политиките на Европската Унија за поддршка на политиките за локален и регионален развој
- Одлично познавање на правилата на ИПА програмите за прекугранична соработка (МК-АЛ, МК-ГР)
- Познавање на донаторските процедури и ПРАГ
- Одлично познавање на законската регулатива за локален и регионален развој
- Одлично познавање на состојбата со националните политики за локален и регионален развој
- Одлично владеење на законската регулатива од областа на локалниот развој и децентрализацијата
- Познавање на современите трендови во процесите на стратешко планирање

Компјутерски вештини
- Internet, Microsoft Office, Adobe Creative Suite (Photoshop, Dreamweaver), Joomla!;

Возачка дозвола
- Б категорија

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Публикации
- Програма за развој на Пелагонискиот регион 2010-2015 (учество во процесот на подготовка и координација на работни групи)
- Програма за развој на Пелагонискиот регион 2015-2019 (учество во процесот на подготовка на финалниот текст на документот и координација на работни групи)
- Стратегија за културен развој на Пелагонискиот регион 2013-2016
- Стратегија за развој на туризмот на Општина Прилеп
- Стратегија за развој на културата во Пелагонискиот регион
- Стратегија за иновации во Пелагонискиот регион (учество во процесот на подготовка на финалниот текст на документот)
- Профил на туристите во прекуграничниот регион Пелагонија-Корча (МК-АЛ)
- Национален извештај за политиките на економска диверзификација во руралните средини
- Анализа на состојбите со зелените премини на територијата на земјите на Западен Балкан 6 (Северна Македонија, Албанија, Косово, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора)

Презентации

- Процесот на децентрализација и неговите финансиски импликации
- Имплементација на законската регулатива за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион
- Управување со проектен циклус и донаторски процедури
- Меѓуопштинската соработка во Пелагонискиот регион
- Изнаоѓање на фондови и управување со донаторски процедури
- Меморандум за соработка помеѓу граѓанскиот сектор и општините во Пелагонискиот регион

Проекти

- Развивање на план за прекугранична заштита од пожар (ИПА Програма за ПГС МК-ГР)
- Иновативни едукативни програми за зајакнување на природните ресурси во прекуграничниот регион Пелагонија/ Лерин - Зоо Иновативa (ИПА Програма за ПГС МК-ГР)
- Придонес кон заштита на биодиверзитетот во прекуграничниот регион Пелагонија/Корча (ИПА Програма за ПГС МК-АЛ)
- Набавка на опрема за ТППЕ Прилеп и опрема за волонтерските единици
- Изградба на Хидрантска Мрежа во Пелагонискиот регион
- Воведување и спроведување на LEADER Пристапот во Пелагонискиот регион
- Имплементација на законската регулатива за категоризација на туристичко-угостителски објекти во Пелагонискиот регион
- Изработка на урбанистики план вон населено место за изградба на туристичко рекреативен комплекс во Големо Илино – Демир Хисар
- Патокази кон потпелистерските села за унапредување и промоција на туристичките потенцијали на општините Битола и Ресен
- Адаптација наобјект од историско и културно значење во Пелагонискиот регион-спомен простор на Петре М Андреевски
- Проект за хортукултурно уредување на црква Св. Ѓорѓи во с. Курбиново
- Зголемување на економскиот развој на Пелагонија преку поддршка и промоција на занетчиството
- Децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија
- Регионални денови на Културата во Пелагонија
- Изработка на Студија за поврзување и промоција на Манастирскиот туризам на Баба Планина (Општина Битола и Општина Ресен)
- Институционална надградба и поддршка на бизнис активностите во Пелагонија -Градиме партнерства
- Пакување без загадување
- Изградба на Хлорна станица во с. Дебреште
- Изработка на Техничка документација за ЗОО Градина Битола
- Воведување на Волонтерски сервис во Зоолошката Градина Битола
- Изработка на техничка документација за изградба на пат од населено место Заполжани општина Долнени до н.м Славеј и Вранче-Подвис
- Изработка на техничка документација за изградба на паркинг за Сточен пазар во Кривогаштани
- Реконструкција на живеалиште за Нилски Коњ во Зоолошка Градина Битола
- Изработка на ЛУПД за индустриска зона Могила Петилеп
- Изработка на техничка документација за изведба на водовод за индустриска зона Макази во Општина Ресен за Дистрибутивен центар
- Реализација на проект за заштита на регионален природен Извор Дебреште
- Изградба на Тротоар на Магистрална сообраќајница во Општина Кривогаштани кон Крушево
- Проект за енергетска ефикасност во делот на јавното осветлување во Пелагонискиот регион (општина Демир Хисар и општина Ресен)
- Подобрување на сообраќајната поврзаност помеѓу општините Новаци, Битола и Могила
- Изградба на регионална мото-крос патека
- Подигнување на свеста на населението во руралните средини во Пелагонискиот регион за искористување на биомаса за добивање на енергија
- Партерно уредување на регионален извор во с. Дебреште
- Изградба на јавен паркинг за сточен пазар
- Изработка на проект за инфраструктура – цевковод за водоснабдување на ИЗ Петилеп
- Изградба на обиколница околу Крушево (техничка документација)
- Изградба на пат Старавина Рапеш
- Изградба на пречистителна станица Демир Хисар (техничка документација)
- Изградба на пат Богомила Стровија
- Изградба на пристаниште Претор
- Изградба на индустриска зона Славеј

- Локлните акциони групи во Пелагонија ја оформуваат својата иднина
- Изведба на осветлување на клучка Макази
- Изградба на втора фаза паркинг на сточен пазар Кривогаштани

Членства

Сертифицирани Форумски Модератори во рамките на ЗЕЛС
Македонска Асоцијација на учесници во Програма за Интернационални Лидери (УС Стејт Департмент)
Здружение на туристички водичи на Република Македонија – Лиценциран туристички водич на Република Македонија
Македонска Асоцијација на интернационални водичи во планина – Лиценциран водич во планина по IML стандард

## АНЕКСИ

Листа на проекти и улога на апликантот (со референци/контакти од реализираните проекти)
Доказ за завршено високо образование (скениран документ)
Доказ за познавање на англиски јазик (скеирани документ)
Сертификати за обуки и тренинзи (скенирани документи)

Download

**Влада**

**Совет за с**

**за учество на претставници на граѓ**
**Програмата за прекугранична со**

**По Јавен п**

**1. Општи податоци**

**Име на здружението/фондацијата: П**

**Седиште и адреса:ул. Нико Фундали**

**Регистарски број (ЕМБС) и датум**
**ЕМБС 6548091, дата на упис 21,12,20**
**Единствен даночен број: 4002009516**

**Телефон за контакт и е – пошта:0753**
**Име и презиме на овластеното лице**

**Област/и на дејствување согласно С**
**поширок заеднички интерес, со фоку**
**Како водечка организација во Пел**
**меѓународно ниво и придонесува**
**институциите и граѓаните.**
**Мисијата на организацијата е да сп**
**вмрежување, застапување и лобира**
**Клучните области на делување на Пр**

- **локален и регионален развој**
- **одржлив туризам**
- **прекугранична соработка**
- **демократија и граѓанско учес**
- **институционални и граѓански**
- **младински политики и поттик**
- **транспарентност, отчетност и**
- **унапредување на неформал**
- **заштита на животната среди**

**Бит.**

**2. Ресурси**

**Дали здружението/фондацијата има**

☒ **да** ☐ **сопствен,** ☐ **даден на к**

☐ **не**

**Вкупен број на членови на здружени**

**Број на вработени/волонтери во здру**

Hide email

# Пријава на јавен повик за заменик-член на ЗКП МК ГР

Rubin Nikoloski <rubin@prolocal.mk>
Today, 8:53 AM
nvosorabotka; Pro Local <cso.prolocal@gmail.com>

Пријава за член на ЗК...
308 KB

Профил на Про Локал ...
348 KB

Тековна состојба Про ...
610 KB

Рубин Николоски крат...
181 KB

4 attachments (1 MB) Download all

Почитувани,

Во прилог Ви ја доставуваме пријавата на Про Локал Битола за учество на претставник на граѓански организации (заменик-член) во Заедничкиот комитет за програмирање на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција за програмскиот период 2028–2034, согласно објавениот јавен повик.

Во прилог на оваа електронска порака ги доставуваме следните документи:

Пополнет и потпишан образец за пријава;
Профил на организацијата;
Биографија на кандидатот Рубин Николоски;
Тековна состојба од Централен регистар.

Ве молиме за потврда за прием на пријавата.

Со почит,
Рубин Николоски
Про Локал Битола
075 322 323

--